# Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

28 мај, 2019

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за избор на три членови и три заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017 Акција4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, согласно заклучоците од 12. седница одржана на 22.05.2019 година, а на барање на Министерството за труд и социјална политика, објавува Јавен повик за избор на три членови и три заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017 Акција4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика.

Секторски мониторинг комитет ја разгледува и следи ефективноста, ефикасноста, кохерентноста и усогласеноста на акциите/проектите кои се реализираат во рамки на Акциската програма 2017[1] и нивната поврзаност со релевантните национални и други стратегии и политики во соодветниот сектор. Комитетот се состанува еднаш годишно, а го претседаваат Националниот ИПА Координатор и претставник од Европската Комисија. Акциската програма 2017 година трае до 2024 година до кога е предвиден формалниот мандат на овој Секторски мониторинг комитет. Работата на Секторскиот мониторинг комитет е уредена со деловник за работа, а состаноците се одржуваат на англиски јазик.

Кандидатите за членови и заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет потребно е да имаат познавање и граѓанска активност во областите на економски и одржлив развој, наука, образование и доживотно учење, млади, социјална заштита и заштита на деца, односно во една од следните области:

1) Образование;
2) Вработување и пазар на труд;
3) Социјална политика.

Организациите можат да предложат кандидат за член и кандидат за заменик член во Секторскиот мониторинг комитет за една од трите наведени области.

[1]http://www.sep.gov.mk/content/?id=154#.XMrRt4VOKUI


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Кандидатите за членови и заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет потребно е да бидат поддржани од организации кои:

1. се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку три години пред објавувањето на јавниот повик;
2. во статутот имаат утврдено дејности и цели во областа на дејствување за која предлагаат кандидат;
3. работењето и дејствувањето е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата;

Кандидатите за членови и заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет, треба да ги исполнуваат следните услови:
1. да поседуваат најмалку три години работно или волонтерско искуство во граѓанскиот сектор во областа за која се предлагаат како кандидати;
2. да имаат експертиза по прашања од граѓанскиот сектор во областа на дејствување за која се предлагаат како кандидати (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи иницирање и учество во процеси за застапување и сл.);
3. да имаат искуство со ЕУ проекти;
4. да ги познаваат националните политики;
5. активно да го познаваат и говорат англискиот јазик.
6. да не се членови на органи на политички партии;
7. да не се избрани или именувани лица;
8. да не се вработени во орган на државната управа.

Пријавувањето се врши на образец што може да се преземе од веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Кон пријавата треба да се приложи:
1. кратка биографија на кандидатите за член и заменик член;
2. потполнет образец, потпишан од застапникот на организацијата и заверен со печат на организацијата;
3. профил на организацијата која ги предлага кандидатите за член и заменик член.

**Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до 20 јуни 2019 година**.

Пријавите доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат!

Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку електронска пошта на nvosorabotka@gs.gov.mk


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk